Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 12.02.2026 |
| Архивски број: | 34 - 2 / 2 |
| До: | **Министерство за правда** |
| Предмет: | Мислење по Предлог-законот за здруженија и фондации |

Почитувани,

Советот за соработка на Владата со граѓанското општество, на седницата одржана на 27.1.2026 година, го разгледа Предлог-законот за здруженија и фондации и согласно надлежностите утврдени во член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и бр.164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.97/19, бр.116/21 и бр.268/24), а во насока на подобрување на текстот спрема потребите на граѓанските организации, го утврди следното мислење:

Законот за здруженија и фондации од 2010 година ги уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите и организационите облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Овој закон има клучно влијание врз околината во која се развива граѓанското општество и од тие причини, уште од 2022 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, преку свои претставници во работната група на Министерството за правда, активно е вклучен во унапредувањето на неговите одредби.

Советот позитивно ги оценува напорите со предложените одредби на Законот за здруженија и фондации да се одговори на проблемите што беа идентификувани во повеќе анализи и извештаи на граѓански организации, како што се: отсуство на воеднaчен и стандардизиран пристап при обезбедување на државна финансиска поддршка на организациите, нефункционален статус на организации од јавен интерес, недоволно прецизно уредување на можноста за спроведување економски активности од страна на организациите, поттикнување на унапредување на правната, финансиската и институционалната околина во која работат организациите, недоволно разработени одредби кои се однесуваат на надзорот, внатрешниот надзор и постапката за решавање на спорови во рамки на организациите и сл.

Во интерес на подобрување на текстот на одделни одредби од предложениот закон, во прилог се неколку конкретни укажувања:

- Во член 1 и во целиот текст на законот соодветно, зборовите „државните органи“ да се заменат со зборовите „Владата, државните органи и единиците на локалната самоуправа“;

- Член 4, точката 3 да се преформулира и да гласи „Област на делување на организација претставува сферата на активности, теми или сектори во кои организацијата работи и придонесува кон постигнување на својата мисија и цели“. При толкувањето на поимот важно е да се остави широк спектар на областите за да ја рефлектираат шареноликоста на секторот, а притоа да не создаде конфузија.

- Член 18 став 1 да се преформулира и да гласи „Организациите не можат да обезбедуваат финансирање на политички партии, ниту да финансираат или да учествуваат во изборната кампања во корист на одредена политичка партија.“;

- Член 56 не е доволно јасен, непрофитноста на граѓанските организации значи дека средствата кои ги остваруваат од стопанска дејност ќе ги користат за целите за кои што се формирани. Притоа е важно да не се доведе до погрешни интерпретации на поимот непрофитност.;

- Член 77, став 3, зборовите „15 дена“ да се заменат со зборовите „30 дена, освен ако со друг закон поинаку не е уредено“;

- Насловот пред член 78 да гласи „Кофинансирање на проекти финансирани од меѓународни донатори“;

- Се поддржува Алтернатива 1 (Централизиран модел управуван од еден орган на државната управа), но се предлага во член 78 првиот став 2 да се избрише, односно во овој закон јасно да биде утврден органот на државната управа кој ќе ги планира и распределува средствата. Како опции за овој орган се предлага Министерство за финансии или како алтернатива Министерство за европски прашања (надлежен орган за координација на странска помош и регистрација на проекти) или Генерален секретаријат (во чиј состав функционира организационата единица за соработка со граѓански организации).

- Член 78 не дава целосна гаранција дека ќе се обезбедат доволно средства за обезбедување на кофинансирање за сите организации што имаат добиени проекти од Европската Унија и другите меѓународни донатори и не дава гаранција дека органот нема да има дискреционо право да одбие некое барање за обезбедување државни средства за кофинансирање;

- Во член 80 да се додаде нов став 7 кој што ќе ја регулира обврската на органите на државната управа и едниците на локална самоуправа за јавно објавување на програмите за финансирање на програмските активности на организациите согласно начелата на транспарентност;

- Во член 81, став 1 да се додадат следните алинеи: Механизам за прашања и одговори, Начин и рок за јавно објавување на резултатите од повикот и Регулирање на поедноставена постапка за доделување на мали грантови.

- Во член 83, став 1 да се избрише алинеја 5 (Во последните две години, да имплементирале проект со најмалку иста вредност како што е проектот за кој бараат поддршка). Ова барање треба да се земе предвид во критериумите за оценка на пријавите;

- Во член 83 став 1 алинеја 6 зборовите „или поднеле пријава“ да се избришат“;

- Во член 83, став 1 да се додаде нова алинеја што ќе гласи „Да се занимаваат со активности и проекти во области од јавен интерес“;

- Во член 84 став 5 зборот „условите“ да се замени со зборот „критериумите“ , а во став 7 да се размисли дополнително да се ограничи и висината на индивидуалниот грант (пр. до 5.000 евра);

- Во член 84 став 5 (на страна 28) зборовите „може да“ да се заменат со зборот „ќе“ и овој член да се дополни со нов став 6, кој ќе гласи: „Организациите од ставот (5) на овој член немаат право да бараат финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во период од две години од денот на раскинувањето на договорот.“;

- Член 88 ставот 3 да се замени со два нови ставови кои гласат: (3) Советот е составен од најмалку 27 членови и заменици членови кои ги назначува Владата од редот на раководни административни службеници во органите на државна управа и претставници на организациите, за време од три години. (4) Мнозинството членови и претседателот на Советот се претставници на организации, избрани од организациите по пат на јавен повик.“;

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

Подготвила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за соработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација